

Во средното општинско училиште „Крсте Петков Мисирков“ заврши првото пријавување за запишување ученици во I година. За гимназиската струка се пријавиле 58 ученици, а примени се 43, а додека во шумарско -  дрвопреработувачката струка, од 8 пријавени, примени се само 4.

Во гимназиското образование ќе бидат запишани 102, а во шумарската 34 ученици.

За успешен упис во I година ова училиште, потребни се 60 бодови за гимназиското образование, односно 45 за шумарско – преработувачката струка.

Вториот јунски рок за пријавување е на 29 и 30 јуни кога се очекува поголем интерес. Последниот уписен рок е на 18 август.